# ЗАЕДНИЧКА ИЗЈАВА

## *КРАТКА ВЕРЗИЈА*

ПРВА ЗАЕДНИЧКА КОНФЕРЕНЦИЈА НА НАУКИТЕ
МЕЃУВЛАДИНА ИНИЦИЈАТИВА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Intergovernmental Initiative Western Balkans
Joint Science Conference

Заедничката европска иднина мора да се оформува сега и Западниот Балкан (ЗБ) е нејзин неоделив дел – одржувањето на статус кво не е остварлива опција. Поради тоа, ние одлучно ги поддржуваме напорите за соработка, помирување и интеграција на ЗБ. Посебен фокус треба да се стави на младите како движечка сила за позитивна промена. Природните и општествените науки треба да се сметаат за континуирана инвестиција во иднината.

За справување со утврдените предизвици и за да се реализираат одржливи решенија, нашите препораки до Самитот за Западниот Балкан во Виена на 27. август 2015 година се следните:

1. Определба за одвојување 3% од националниот БДП за високото образование, науките и истражувањето и воспоставување усогласени квалитативни стандарди за евалуација;
2. Да се поддржат силно институционалните промени, што (i) ќе ги модернизира системите на науките на ЗБ согласно стандардите на ЕУ, во правец на интеграцијата со Европската Истражувачка Зона, и (ii) ќе создаде можности за младите истражувачи и дипломци, а со тоа ќе се намали одливот на мозоци и ќе се поттикне прилив на мозоци;
3. Да се основа Истражувачки совет или Истражувачка фондација за Југоисточна Европа што ќе ги финансира извонредните научници како носители на промените, со примена на конкурентен механизам за селекција базиран исклучително врз истражувачкиот квалитет и академската извонредност;
4. Да се воспостават меѓусебно поврзани центри за извонредност на ЗБ како платформи за соработка по пат на: (i) здружување на ресурси и компетенции, (ii) заедничко инвестирање во најсовремени клучни установи и истражувачки инфраструктури, (iii) поддржување на мобилноста на истражувачите и студентите, (iv) воспоставување конкурентна докторска и пост-докторска обука и (v) создавање на иновациски заедници;
5. Да се институционализира дијалогот помеѓу науките, политиката и општеството, по пат на (i) создавање механизми за консултација и стратешко планирање, и (ii) воспоставување процедури за пружање непристрасно советување врз научна база за политиката и општеството.

Овие препораки ги сметаме како одржливи решенија за следните клучни прашања на кои им се потребни итно внимание и реформи.

### 1. Одржливо финансирање и усогласени квалитативни стандарди

- На ЗБ постои хроничен недостаток од јавно и приватно финансирање за науките и истражувањето. Поради тоа, наша цврста заложба е целта да се одвојат 3% од националниот БДП за високото образование и науките.
- Извесноста при планирањето и одрживото финансирање се услови за стратешки развој на системот на науките, кој е моментално попречен со краткорочниот фокус и дистрибутивните приоди кон финансирањето. Поради тоа, треба да се применат среднорочни и долгорочни приоди и да се определат финансиски средства преку конкурентни процедури.
- За да се обезбеди веродостојна евалуација на оствареното, мора да се воспостават усогласени квалитативни стандарди – на ниво на ЗБ и следејќи ги стандардите на ЕУ.

### 2. Институционална промена, одлив на мозоци и прилив на мозоци

- Младите научници се клучен елемент на науките. Во моментов масовната емиграција (особено одливот на мозоци) е еден од најголемите ризици за идниот развој на ЗБ.
- За да биде привлечно за младите научници да останат во нивната матична земја и да се вклучат во системите на науките, потребна им е сигурна перспектива, почнувајќи веднаш по нивното дипломирање. Академската дијаспора на ЗБ треба да се поттикне да се врати преку иницијативи за прилив на мозоци, со што ќе се создаде култура на добредојде за научниците повратници.
- Таквите мерки мора да се дел од поширокатa институционална промена со главна цел модернизирање на системите на науките на ЗБ за интеграција во Европската Истражувачка Зона.

### 3. Истражувачки совет/фондација за Југоисточна Европа

- На системите на науките на ЗБ им недостасуваат стратешки приоди за негување на академската извонредност и конкурентност – според меѓународно признаени стандарди. Поединечните извонредни научници може да дејствуваат како носители

* Оваа ознака е без предрасуди кон позициите за статусот и е согласно резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово.

на промените. Со тоа, највисок приоритет има поддршката на нивното истражување по пат на целно насочено финансирање.

- Силно го препорачуваме основањето на Истражувачки совет за Југоисточна Европа (ИСЈИЕ) – во конзорциум со Европскиот Истражувачки Совет и институциите што го финансираат истражувањето од земјите на ЗБ – или основањето на Истражувачка фондација за Југоисточна Европа (ИФЈИЕ), при што и двете се со акцент на индивидуално финансирање врз меритократна основа.

- Потребни се транспарентни критериуми за селекција, раководени само според академската извонредност и процедури за евалуација според меѓународните стандарди, со учество на меѓународни евалуатори.

#### 4. Центри за извонредност; конективност и мобилност

- Постоечките ресурси, инфраструктури, проекти и луѓе во системите на науките на ЗБ се недоволно поврзани. Тоа води кон висок степен на изолација на националните системи на науките и ориентација кон внатре. Поради тоа, науките на ЗБ треба да се меѓусебно поврзани, заемно во регионот и со остатокот од Европа.

- Треба да се воспостават мрежи на регионални, супранационални центри за извонредност со интердисциплинарен фокус (до 5). Тоа ќе ги подобри шансите за пристап до финансирањето од ЕУ. Овие центри треба да имаат три главни задачи: (i) најсовремено основно и применето истражување, (ii) меѓународно конкурентна докторска и пост-докторска обука, и (iii) трансфер на истражувачките резултати.

- Дополнително на тоа, ресурсите и инфраструктурите (образование, истражувачка дејност, клучни установи итн.) треба да се користат заеднички. Треба да се зајакнат и прошират постоечките формати на соработка.

- Треба да се развијат шеми за мобилност кои меѓусебно ќе ги поврзуваат научниците од ЗБ и ЕУ. Тука спаѓа олеснувањето на меѓународните патувања за научниците и студентите од регионот на ЗБ, како и создавањето на регионална програма за размена следејќи го моделот Еразмус.

#### 5. Наука-политика-општество: институционализиран дијалог

- Науката и нејзините резултати ретко се вклучени во донесувањето одлуки и градењето мислења. Со тоа, за политиката и општеството се губи позитивната корист од стекнатите знаења на научниците.

- Тоа бара нов приод преку спроведување институционализирани механизми за дијалогот меѓу науките, политиката, општеството на ЗБ. Странските учеснички на конференцијата имаат волја да ги споделат знаењата и да обезбедат техничка поддршка за градење на капацитетите.

- Треба да се реализира научен советодавен механизам аналогно на самитите на Г7 за Меѓувладината Иницијатива Западен Балкан.

### СТРАНИ УЧЕСНИЧКИ

### НАЦИОНАЛНИ АКАДЕМИИ

Академија на науките на Албанија (Музафер Коркути, Едмонд Кејн) | Австриска академија на науките (Антон Цајлингер, Оливер Јенс Шмит) | Академија на науките и уметностите на Босна и Херцеговина (Милош Трифковиќ) | Германска национална академија на науките Леополдина (Јерг Хакер) | Италијанска национална академија деи Линчеи (Маурицио Брунори) | Академија на науките и уметностите на Косово (Неџат Дачи) | Македонска академија на науките и уметностите (Владо Матевски, Таки Фити) | Црногорска академија на науките и уметностите (Момир Ѓуровиќ) | Српска академија на науките и уметностите (Љубомир Максимовиќ) | Словенечка академија на науките и уметностите (Тадеј Бајд)

### НАЦИОНАЛНИ РЕКТОРСКИ КОНФЕРЕНЦИИ, НАЦИОНАЛНИ НАУЧНИ СОВЕТОДАВНИ ТЕЛА, НАУЧНИ ФОНДАЦИИ

Ректорска конференција на универзитетите во Албанија (в.д. претседател: ректор на Универзитетот во Тирана, Дори Куле) | Ректорска конференција на Босна и Херцеговина (в.д. претседател: ректор на Универзитетот во Бања Лука, Станко Станиќ), Ректорска конференција на Република Хрватска (в.д. претседател: ректор на Универзитетот во Риека, Перо Лучин) | Фондација Александер фон Хумболт, Германија (Томас Хесе), проректор на Универзитетот во Приштина, Косово (Фетах Подворица) | ректор на Универзитетот на Црна Гора (Радмила Војводиќ) | Конференција на универзитетите на Србија (в.д. претседател: ректор на Универзитетот во Белград, Владимир Бумбаш챚ревиќ) | Национален совет за научен и технолошки развој на република Србија (Вера Дондур) | Ректорска конференција на Република Словенија (в.д. претседател: ректор на Универзитетот во Љубљана, Иван Светлик)

### УВАЖЕНИ НАУЧНИЦИ *АД ПЕРСОНАМ*

Димитр Дока (Универзитет во Тирана) | Алмир Маљевиќ (Универзитет во Сараево) | Стипан Јоњиќ (Универзитет во Риека / Леополдина) | Зоран Хаџи-Велков (Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје) | Сања Баук (Универзитет на Црна Гора) | Мелита Видаковиќ (Универзитет во Белград) | Софија Стефановиќ (Универзитет во Белград)